# Извештај на независните ревизори

**До Раководството и Акционерите на**
**Тетовска Банка А.Д., Тетово**

Ние извршивме ревизија на Билансот на состојба на Тетовска Банка А.Д., Тетово (во понатамошниот текст "Банката"), како и на поврзаните на него, Биланс на успех, Извештај за промените во капиталот, Извештај за паричните текови и придружните Белешки (во понатамошниот текст "финансиски извештаи"), со состојба на и за годината што заврши на ден 31 Декември 2005 година, и објавени на страните 3 до 25 . Овие финансиски извештаи, се одговорност на раководството на Банката. Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија.

Финансиските извештаи на Банката со состојба на и за годината што заврши на 31 Декември 2004, беа ревидирани од страна на друг ревизор во чиј извештај од 21 Март 2005 година е дадено мислење со резерва во однос на објективноста на презентацијата и трошокот за амортизација на градежните објекти, понатаму, во однос на вредноста на средствата наменети за препродажба, како и во однос на соодветноста на издвоената резервација за потенцијални загуби од ненаплатливост на побарувањата.

Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека во финансиските извештаи нема погрешни прикази од материјално значење. Ревизијата вклучува проверка, по пат на тестирање, на изворната документација врз основа на која се евидентирани износите и приказите во финансиските извештаи. Со ревизијата, исто така, се врши и оценка на применетите сметководствени принципи и вреднување на значајните проценки направени од страна на раководството, како и оценување на севкупната презентација на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизијата што ја извршивме ни обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Според наше мислење, финансиските извештаи на Банката, ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ден 31 Декември 2005 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва, Законот за банки и прифатените сметководствени принципи за објавување на финансиските извештаи.

Без понатаму да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на следново:
Како што е тоа објавено во Белешка 16 кон финансиските извештаи, со состојба на 31 Декември 2005 година, Банката изврши ревалоризација на вредноста на своите недвижности во вкупен износ од 128,630 илјади Денари. Ревалоризацијата, евидентирана во корист на резервите на Банката, е извршена врз основа на проценка од страна на независни надворешни овластени проценители. Истата претставува разлика помеѓу вкупната проценета вредност на недвижностите и нивната вредност, евидентирана во сметководството на Банката, на денот на проценката.

Како што е тоа понатаму објавено во Белешка 17 кон финансиските извештаи, со состојба на ден 31 Декември 2005 година, Банката изврши ревалоризација на вредноста на средствата (објекти и опрема) наменети за препродажба во вкупен нето износ од 125,976 илјади Денари. Нето износот на ревалоризација се состои од зголемување во износ од 132,289 илјади Денари, евидентирано, исто така, во корист на резервите на Банката, како и намалување, во износ од 6,313 илјади Денари, кој како расход од оштетување, е евидентиран на товар на добивката за тековната година. Нето износот на ревалоризацијата претставува разлика (вишок) утврдена, по пат на проценка од страна на независни надворешни овластени проценители, помеѓу нивната проценета вредност и вредноста евидентирана во сметководството на Банката на денот на извршената проценка.

Последователно по денот на билансирање, и како што е тоа објавено во Белешка 17 кон финансиските извештаи, на ден 24 Февруари 2006 година, Управниот Одбор на Банката донесе Одлука за отпис на 50% од евидентираната вредност на средствата наменети за препродажба во износ од 261,334 илјади Денари.

Како што е понатаму објавено во Белешката 28 кон финансиските извештаи, Акционерското Собрание на Банката, на ден 30 Јуни 2005 година, донесе Одлука да се отпочне со постапка за спојување на Банката со Тетекс Кредитна АД, Скопје - домашна комерцијална банка.

Последователно, по датумот на билансирање, на ден 01 Март 2006 година, Управниот Одбор на Банката потпиша Спогодба за спојување на Банката со Тетекс Кредитна АД, Скопје. Врз основа на Спогодбата за спојување, деловните активности на Банката престануваат на ден 17 Април 2006 година. Со тој датум, целиот имот (средствата и обврските) на Банката, утврдени со состојба на ден 17 Април 2006 година, се пренесуваат врз новоснованата Банка - корисник - ТТК Банка ад, Скопје.

**Grant Thornton,**

Скопје,
31 Март 2006 година

# Биланс на успех

| | Белешки | Година што завршува на 31 Декември (000 мкд) | |
|---|---|---|---|
| | | **2005** | 2004 |
| Приходи по основ на камати | | **112,151** | 88,483 |
| (Расходи) по основ на камати | | **(27,559)** | (27,985) |
| **Нето приход по основ на камати** | **4** | **84,592** | 60,498 |
| Приходи од надоместоци и провизии | | **34,892** | 24,241 |
| (Расходи) од надоместоци и провизии | | **(6,299)** | (4,736) |
| **Нето приходи од надоместоци и провизии** | **5** | **28,593** | 19,505 |
| Позитивни курсни разлики, нето | **6** | **6,295** | 4,958 |
| Останати деловни приходи | **7** | **61,739** | 9,625 |
| **Вкупно деловни приходи** | | **181,219** | 94,586 |
| Приходи од ослободување на резервирање поради оштетување, нето | **8** | **43,494** | 28,303 |
| Останати деловни (расходи) | **9** | **(98,548)** | (74,728) |
| **Вкупно деловни (расходи)** | | **(55,054)** | (46,425) |
| **Добивка пред оданочување** | | **126,165** | 48,161 |
| Оданочување | **10** | **(4,351)** | (2,887) |
| **Нето добивка за годината** | | **121,814** | 45,274 |
| Добивка за имателите на обични акции | **24** | **121,814** | 43,274 |
| Заработувачка по акција (основна - во Ден.по акц.) | **24** | **705,50** | 294,50 |

# Биланс на состојба

| | Белешки | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| | | (000 мкд) На ден 31 Декември | |
| **Средства** | | | |
| Парични средства и депозити кај НБРМ | 11 | **165,087** | 180,240 |
| Пласмани во,и кредити на банки | 12 | **180,205** | 252,843 |
| Кредити одобрени на комитенти | 13 | **816,222** | 553,867 |
| Финансиски средства расположиви за продажба | 14 | **31,371** | 41,032 |
| Финансиски средства кои се чуваат до доспевање | 15 | **22,791** | 28,320 |
| Недвижности и опрема | 16 | **186,936** | 71,828 |
| Нематеријални средства | 16 | **1,074** | 2,299 |
| Средства наменети за препродажба | 17 | **522,667** | 272,085 |
| Останати побарувања | 18 | **18,613** | 12,860 |
| **Вкупно средства** | | **1,944,966** | 1,415,374 |
| **Обврски** | | | |
| Депозити на други банки | 19 | **14,078** | 2,021 |
| Депозити на комитенти | 20 | **875,609** | 791,532 |
| Обврски по кредити | 21 | **137,296** | 52,368 |
| Останати обврски | 22 | **13,530** | 9,325 |
| | | **1,040,513** | 855,246 |
| **Капитал** | 23 | | |
| Акционерски капитал | | **518,028** | 518,028 |
| Останати резерви | | **34,395** | 27,617 |
| Ревалоризациони резерви | | **275,402** | 14,483 |
| Акумулирана добивка | | **76,628** | - |
| **Вкупно капитал** | | **904,453** | 560,128 |
| **Вкупно обврски и капитал** | | **1,944,966** | 1,415,374 |
| **Превземени и потенцијални обврски** | 25 | **7,465** | 22,982 |

Овие финансиски извештаи се одобрени од страна на Управниот Одбор на Банката на 31 Март 2006 година и потпишани во негово име од:

**Г-дин Атанас Спироски** **Г-дин Алексеј Лосев**

Директор Директор

Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)
Со состојба на и за годините што завршуваат на 31 Декември 2005 и 2004 година
(Сите износи се во илјади Денари, освен доколку не е поинаку наведено)

# Извештај за промените во капиталот

(000 мкд)

| | Акционерски капитал | Останати резерви | Ревалор. Резерви | Акумулирана (загуба)/ добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| На 01 Јануари 2004 | 518,028 | - | 14,483 | 52,556 | 585,067 |
| Добивка за годината | - | - | - | 45,274 | 45,274 |
| Дивиденди | - | - | - | (70,213) | (70,213) |
| Распоред на акум.доб.во рез. | - | 27,617 | - | (27,617) | - |
| **На 31 Декември 2004** | **518,028** | **27,617** | **14,483** | **-** | **560,128** |
| На 01 Јануари 2005 | **518,028** | **27,617** | **14,483** | **-** | **560,128** |
| Добивка за годината | - | - | - | 121,814 | **121,814** |
| Ефект од ревалоризација на: | | | | | |
| - Недвижности и опрема | - | - | 128,630 | - | **128,630** |
| - Средства превземени во наплата на побарувањата | - | - | 132,289 | - | **132,289** |
| Објавени дивиденди | - | - | - | (38,408) | **(38,408)** |
| Распоред на акум.доб.во рез. | - | 6,778 | - | (6,778) | **-** |
| **На 31 Декември 2005** | **518,028** | **34,395** | **275,402** | **76,628** | **904,453** |

# Извештај за паричните текови

| | БелеШки | Година Што заврШува на 31 Декември 2005 | (000 мкд) 2004 |
|---|---|---|---|
| **Деловни активности** | | | |
| Добивка пред оданочување | | **126,165** | 48,161 |
| Усогласување за: | | | |
| Амортизација | | **6,758** | 7,135 |
| Приход од ослободувања за резервации, нето | | **(42,571)** | (9,463) |
| Расход од оШтетување на средства за препродажба | | **6,313** | - |
| Приход од продажба на недвижности | | **(60,221)** | (8,262) |
| Неамортизирана вредност на прод.недвижности | | **9,988** | - |
| Приходи од наплатени отпиШани побарувања | | **(923)** | - |
| Приходи од дивиденди | | **(210)** | |
| Приходи по основ на камати, нето | | **(84,592)** | - |
| Приходи од надоместоци и провизии, нето | | **(28,593)** | - |
| *Добивка/(Загуба) пред промените во обртниот капитал* | | ***(67,886)*** | *37,571* |
| | | | |
| *Промени во обртниот капитал* | | | |
| Побарувања од банки | | **977** | 4,023 |
| Кредити на коминтенти | | **(333,028)** | (82,652) |
| Имот наменет за продажба и останати средства | | **(5,153)** | 2,909 |
| Обврски кон коминтенти и банки | | **94,348** | 52,748 |
| Останати обврски | | **(749)** | (9,251) |
| *(Загуба) по промените во обртниот капитал* | | ***(311,491)*** | *5,348* |
| | | | |
| Приливи по камати, нето | | **91,264** | - |
| Приливи по надоместоци, нето | | **27,120** | - |
| Платен данок на добивка | | **(53)** | (10,090) |
| | | **(193,160)** | (4,742) |
| | | | |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Прилив од прод.на недвижности и опрема, нето | | **66,790** | (2,025) |
| Вложувањата во хартии од вредност, нето | | **(7,681)** | 6,193 |
| Прилив од дивиденди | | **210** | - |
| | | **59,319** | 4,168 |

## Извештај за паричните текови (продолжува)

(000 мкд)

| | **БелеШки** | Година Што заврШува на 31 Декември | |
|---|---|---|---|
| | | **2005** | 2004 |
| **Финансиски активности** | | | |
| Исплатени дивиденди | | **(37,902)** | (69,589) |
| Прилив / (отплата) на кредити, нето | | **84,929** | (7,644) |
| | | **47,027** | **(77,233)** |
| Нето промена на пар.средства и пар.еквиваленти | | **(86,814)** | (77,807) |
| Парични средства и парични еквиваленти на почеток | | **432,106** | 509,913 |
| Парични средства и парични еквиваленти на крај | | **345,292** | 432,106 |
| *Паричните средства и еквиваленти се состојат од:* | | | |
| Парични средства и депозити кај НБРМ | **11** | **165,087** | 180,240 |
| Пласмани кај банки | **12** | **180,205** | 251,866 |
| | | **345,292** | 432,106 |